# ИНФОРМАЦИЈА ЗА ПРОИЗВОДСТВО И РЕАЛИЗИРАН ОТКУП НА ТУТУН ОД РЕКОЛТА 2024 ГОДИНА

Согласно Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи(*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19, 27/20 и 56/21) во регистарот на откупувачи на тутун што го води Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство се запишани 10 откупувачи на тутун и тоа:

- -Сокотаб ДООЕЛ Битола
- -Алајанс Уан Кавадарци АД Кавадарци
- -Тутунски Комбинат АД Прилеп
- -Пашоски тутунски дилер ДООЕЛ Скопје
- -Орбита Табак ДООЕЛ Скопје
- -Кавекс Балкан ДООЕЛ Неготино
- -Секе ДООЕЛ Прилеп
- -Миссириан ДООЕЛ Струмица
- -Бакко МК ДООЕЛ Битола
- -Итал Мас Тобако ДООЕЛ Скопје

Согласно член 11 од Законот за тутун и тутунски производи откупувачите на тутун се должни да обезбедат сертифициран семенски материјал од тутун од регистриран снабдувач на семенски материјал од тутун.
Според добиените податоци од страна на регистриран производител на тутунско семе-Научен Институт за тутун Прилеп доставени се податоци за дистрибуирани вкупно 1220 кгр.тутунско семе за реколта 2024 година и тоа од тип Прилеп 1.212 кгр., а од тип Јака 8 кгр.

## Површини и договорено производство на тутун 2020-2024 година

Во периодот од 2020-2024 година тутунот е застапен на просечна површина од околу 12.680 ха.

Договорени површини и договорено производство на тутун 2020-2024 година

| Реколта | Вкупно Договорена површина во ха | Вкупно Договорена количина во тони | Вк.број склучени договори | Број на земјоделски стопанства |
|---|---|---|---|---|
| 2020 | 12.114 | 22.960 | 29.932 | 19.702 |
| 2021 | 11.784 | 22.137 | 27.650 | 18.752 |
| 2022 | 13.237 | 24.098 | 29.429 | 17.924 |
| 2023 | 13.321 | 26.504 | 30.621 | 17.586 |
| **2024** | **12.959** | **26.418** | **29.957** | **16.830** |

Извор: ИСЕТ

Договореното производство на тутун во 2024 година е приближно со иста количина како и договореното производство од реколта 2023 година и се движи околу 26.400 тони, а површините се движат околу 13.000 ха. Бројот на склучени договори е намален за 664 или околу 2%, а бројот на земјоделски стопанства е намален за 756 или околу 4% во споредба со реколта 2023 година.

## Откуп на тутун од реколта 2024 година

Откупот на тутун од реколта 2024 година започна на 18 ноември од страна на 10-те откупни претпријатија. Според податоците внесени во електронскиот систем за евиденција на тутунот ИСЕТ од страна на откупните претпријатија од реколта 2024 година откупени се вкупно **24.321** тони суров тутун во лист со просечна откупна цена од **399,80** ден/кгр.
Од типот ЈАКА се откупени околу 224 тони суров тутун во лист со просечна откупна цена од 399,80 ден/кгр, а од типот ПРИЛЕП се откупени околу 24.096 тони суров тутун во лист со просечна откупна цена од 399,80 ден/кгр.

| КЛАСА | ТИПОВИ ТУТУН | | Вкупна количина за класа во кгр. | % на откуп по класи |
|---|---|---|---|---|
| | ЈАКА-количина во кгр. | ПРИЛЕП-количина во кгр. | | |
| I-I | 223.928,47 | 24.053.533,56 | 24.277.462,03 | 99,86 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| I-II | 304,73 | 35.478,87 | 35.783,60 | 0,12 |
| I-III | 49,85 | 7.766,09 | 7.815,94 | 0,02 |
| Вкупно ароматични во кгр. | 224.283,05 | 24.096.778,52 | 24.321.061,57 | |
| ДОПОЛНИТЕЛЕН ТУТУН | | | | |
| II-I | 0,00 | 60.02 | 60,02 | |
| Мувлив во крг. | 16,26 | 132.86 | 149,12 | |
| ВКУПНО во кгр. | 224.299,31 | 24.096.971,40 | 24.321.270,71 | |
| СЕ ВКУПНО во кгр. | 24.321.270,71 | | | |
| Вкупна вредност на откупениот тутун | 9.723.557.640,74 | | | |
| Просечна откупна цена во ден/кг. | 399,80 | | | |

Извор: ИСЕТ

Просечната откупна цена за реколта 2024 година изнесува 399,80 ден./кгр. што претставува зголемување за 46,17 ден/кгр. (за +11,5%) во однос на реколта 2023 година. (353,63 ден/кгр)

Повисоката откупна цена на тутунот од реколта 2023 година е одраз на повисокиот квалитет на тутунот во однос на реколта 2022 година, што може да се види според учеството на класите во вкупниот откуп, како и зголемување на откупните цени пред почетокот на откупот заради зголемување на трошоците за ѓубриво, нафта, репроматеријали и сл.

Според процентот на учество на класите тутунот од реколта 2024 година се откупувал во I-I класа и тоа околу 99,82% во вкупно откупената количина, а откупот во останатите класи е незначителен и изнесува околу 0,18% што укажува дека оваа реколта е со добар квалитет на тутунот и се постигна повисока просечна откупна цена.

Во реколта 2023 година тутунот во I-I класа се откупувал околу 99,97%, а во останатите класи се откупувале околу 0,03 %.

**<u>Финансиска подршка за откупениот тутун од реколта 2024 година</u>**

Согласно Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2025 година и Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2025 година („Службен весник на РСМ" бр. 26/25) предвидена е мерка 1.9. Директни плаќања за договорен и продаден ориентален ароматичен необработен тутун од реколта 2024 година.

-Корисници на оваа подмерка се физички и правни лица кои своето производство на тутун од реколта 2024 година го договориле и продале во регистрирано откупно претпријатие согласно Закон за тутун, производи од тутун и сродни производи (*) и

-Висината на директните плаќања изнесува 100 денари по килограм за I-I класа, 70 денари по килограм за I-II класа, 60 денари по килограм за I-III класа, II-I класа од ориенталните дополнителни тутуни, од типовите Прилеп и Јака.

Реализацијата на подмерката ќе се врши според податоци за договорени и откупени количини необработен тутун од реколта 2024 година, внесени во Електронскиот систем за евиденција на тутун (во натамошниот текст:ИСЕТ) од страна на правни лица регистрирани во Регистарот на откупувачи на тутун. Вкупно откупените количини на тутун од реколта 2024 година, се внесуваат во ИСЕТ најдоцна до 31 март 2025 година.

Имајќи ги во предвид вкупно откупените количини тутун по класи и висината на подршката за класата за исплата на мерките треба да се исплатат 2.421.895.225,00 денари или 39.524.107 евра обезбедени од Буџетот на Република Македонија за 2025 година.

| Класа | Вкупно откупена количина во кгр. | Висина на директни плаќања во денари | Вкупно за исплата во денари |
|---|---|---|---|
| I | 24.277.462,03 | 100,00 | 2.427.746.203,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| II | 35.783,60 | 70,00 | 2.504.852,00 |
| III и останатите класи | 8.025,08 | 60,00 | 481.504,80 |
| ВКУПНО: | | | 2.430.732.559,80 |

Исто така, со подмерката 1.1. Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за сите поледелски култури, лековити, ароматични и зачински растенија, од горе наведената уредба, предвидена е поддршка за земјоделските стопанства кои во 2024 година ќе засадат тутун на минимум површина 0,2 ха.

- Висината на директните плаќања од оваа подмерка изнесува 6.000 денари по хектар.

Според податоците од Годишниот извештај од АФПЗРР од реколта 2024 година пријавени површини со тутун за подмерка 1.1 се 3.608 ха, што претставува околу 28% од вкупно договрената површина. (12.969 ха)